Република Северна Македонија

**Министерство за јавна администрација**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E ADMINISTRATËS PUBLIKE
Бр.-Nr. 16 - 2272/1
05.06 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19 и 121/24), Министерот за јавна администрација, го донесе следниот

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА ПРАВИЛНИЦИТЕ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
(„Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2005, 103/2008, 124/2008, 124/2010. 135/2011, 43/2014, 153/2015, 99/2016 и 64/2018)

### Член 1

Со овој Правилник престануваат да важат следните правилници:

- Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци, арх. број 02-4283/1 од 13.07.2018 година;
- Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при користење на документите и информатичко комуникациска опрема, арх. број 02-4283/3 од 13.07.2018 година;
- Правилник за пријавување, реакција и санирање на инциденти во Министерството за информатичко општество и администрација, арх. број 02-4283/5 од 13.07.2018 година;
- Правилник за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци, арх. број 02-4283/6 од 13.07.2018 година;
- Правилник за начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на уредите за електронски записи и на електронската евиденција во Министерството за информатичко општество и администрација, арх. број 02-4283/7 од 13.07.2018 година; и

- Правилник за вршење на видеонадзор во Министерството за информатичко општество и администрација, арх. број 02-4283/8 од 13.07.2018 година.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото потпишување.

Бр. ___________

___.___.2026 година

Скопје

Министер за јавна администрација

Горан Минчев